Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 456/0306
07.12 2018 год.
Скопје

07.12.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 декември 2018 година, врз основа на примена жалба од Екрем Ебиби, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Интернет порталот „Магазин.мк“ со текстот насловен „Кадар на ДУИ за амбасадор во Берлин, учител во Сараево“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 4 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 9 ноември 2018 година, Екрем Ебиби, поднесе жалба за текстот насловен „Кадар на ДУИ во Берлин, учител во Сараево", објавен на 8 ноември 2018 година, на интернет порталот „Магазин.мк" (www.magazin.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, дискриминација, неточно и нефер известување, навреда и клевета.

Ебиби, во претставката, посочува дека авторот на текстот пласира невистинити и навредливи информации, со кои, ги загрозил правата и достоинството на жалителот.

Подносителот на претставката, меѓу другото, во прилог на жалбата приложи и извадоци од сопствената биографија во делот на образованието и професионалниот ангажман во земјава и во странство.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Магазин.мк" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Магазин.мк" не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 4 и 13**:**

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 4:*** *„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити".*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 декември 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека текстот произлегува од јавниот интерес, во случајов, постапка за упатување амбасадори во европските земји. Наведувајќи имиња и презимиња на потенцијални амбасадори, кои треба да ги пополнат местата во неколку европски земји, авторот се повикува на владини извори, но во исто време, користи недоволно проверени и потврдени информации, со кои, лесно лесно може да ја доведе јавноста во заблуда и да ја дезинформира. Комисијата се согласи дека кај авторот на текстот постои тенденциознот, зашто од очигледните коментари, несомнено, се обидува да произведе факти или вреносен суд.

Во исто време, новинарот отстапил од основното новинарско правило, да побара став и од другите засегнати страни во новинарскиот производ, во случајов, и од подносителот на жалбата, Екрем Ебиби. Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој, особено се издвојува следната реченица:

***„Пред три години, крилото на Беџети и Бујар Османи го протежираше Екрем Ебиби за амбасадор во Берн, Швајцарија, од каде што веќе беа и стигнале агремани, но изборот го блокирал претседателот Иванов, бидејќи имал сознанија дека г-нот Ебиби, од странски јазици го владее само српско-хрватскиот“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни во текстот да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Понатаму, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен и членот 4 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити. Авторот на текстот наведува голем број информации, без да посочи од каде ги обезбедил, ниту дали, можеби ги стекнал од анонимни извори. Новинарот има право да го заштити анонимниот извор, но тоа, има обврска да го наведе и во текстот.

Во продолжение, членовите на Комисијата утврдија дека во текстот е прекршен и членот 13 од Кодексот на новинарите. Ова, од причина што, подносителот на жалбата, Екрем Ебиби, во текстот е претставен како дипломат со сомнителни квалификации, а новинарот си

дозволил да коментира, дали тој е кадарен или не, да извршува дипломатска функција во одредена земја. Ваквото прекршување на Кодексот е нагласено во следната реченица:

***„Од таа причина, наместо во Швајцарија, министерот Никола Димитров на инсистирање на ДУИ, одлучил да го предложи Екрем Ебиби за амбасадор во Босна и Херцеговина, но во поразвиените европски дипломатии, г-нот Ебиби тешко би ги поминал квалификациите за амбасадор“.***

Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулации.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Магазин.мк“ (www.magazin.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595